# Известување за приватност

Согласно членовите 16, 17 и 18 од Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42 од 16.2.2020), ние, Приватна агенција за вработување ЕСИ КАДРОВСКИ УСЛУГИ (во понатамошниот текст: ЕСИ КАДРОВСКИ УСЛУГИ), ги доставуваме информациите на барателите за вработување во земјата.

Контролор: Приватна агенција за вработување ЕСИ КАДРОВСКИ УСЛУГИ
Адреса: Ул. Ристо Равановски бр. 2-1/3 Скопје-Карпош.
Контакт: office@esi.mk; s.andovska@esi.mk; 02/3246-899; 071 314 544 (меил/телефон).
Офицер за заштита на лични податоци: Снежана Андовска.

## Кои лични податоци ги собираме од вас?

ЕСИ, согласно Законот за заштита на лични податоци е контролор на личните податоци кои Вие (како субјекти на лични податоци) директно нам ни ги давате.

Ние ги обработуваме следните податоци:

- Име и презиме,
- Адреса на живеење
- CV, контакт телефон

## За која цел и врз кој законски основ ги собираме вашите лични податоци?

Нам ни се потребни вашите лични податоци за аплицирање на оглас, при преземање на преддоговорни активности за склучување на договор.

Доколку сакате да останете во нашата база на податоци, тогаш, ние ги чуваме вашите податоци врз основа на согласноста која вие ни ја давате.
Согласноста која ни ја давате за оваа цел, можете да ја повлечете на следниот меил rabota@esi.mk, или во деловните простории на ЕСИ КАДРОВСКИ УСЛУГИ на следната адреса Ул. Ристо Равановски бр. 2-1/3 Скопје-Карпош .
Повлекувањето на согласноста не влијае на законитоста на обработката, заснована на дадена согласност пред нејзиното повлекување.

## Како ќе ги обработуваме вашите лични податоци?

Ние ги обработуваме личните податоци само за целите за кои ги собираме, а при нивното чување обезбедуваме соодветни технички и организациски мерки согласно прописите за заштита и безбедност на личните податоци. Не ги споделуваме со трети страни доколку немаме основа за да го направиме тоа.



©2020 Овој терк може да се користи само од клиенти на Инфиго ИС во согласност со Договор

Во процесот на обезбедување на услугите, може да користиме услуги од трети компании за обработка на вашите лични податоци. При ваквата обработка, ние се осигуруваме дека овие трети компании ги обработуваат личните податоци согласно соодветното законодавство.

Заклучени во посебна просторија со ограничен пристап.

Во одредени ситуации, предвидени со закон, личните податоци може да бидат дадени на корисници кои можат да бидат физичко лице, органи на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело.

**Период на чување на личните податоци**

Личните податоци ги чуваме сѐ додека не се исполни целта заради која тие се собрани. Како исклучок, ова правило е кога ние сме законски обврзани да ги чуваме податоците за целите на доставување на информации до органите на државната управа, како на пример до финансиските и даночни служби. Во овие ситуации, роковите на чување се одредени согласно законските рокови кои можат да бидат 5 или повеќе години.

Личните податоци кои ги собираме за аплицирање на оглас ги чуваме 6 (шест) месеци.

Вашите лични податоци во нашата база ги чуваме 6 (шест) месеци.

**Вашите права**

Вие како субјекти на лични податоци, согласно Законот за заштита на лични податоци, ги имате следниве права:

- Право да добиете информации за обработката на податоците и копија од вашите податоци;
- Право да побарате исправка на неточни податоци;
- Право да побарате бришење на личните податоци;
- Право да побарате ограничување на обработката на податоците;
- Право да ги добиете вашите лични податоци во структуиран, вообичаено користен и машински читлив формат и право да побарате пренос на овие податоци до друг контролор;
- Право на приговор на обработката на податоците;
- Право да ја повлечете дадената согласност во секое време со цел запирање на обработката на податоците;
- Право на поднесување на барање до Агенцијата согласно Законот за заштита на лични податоци.

Вашите права може бесплатно да ги остварите контактирајќи го нашиот офицер: Снежана Андовска на следниот емаил office@esi.mk или s.andovska@esi.mk, на телефонскиот број



©2020 Овој терк може да се користи само од клиенти на Инфиго ИС во согласност со Договор

02/3246-899; 071 314 544 или лично во просториите на ЕСИ КАДРОВСКИ УСЛУГИ на Ул. Ристо Равановски бр. 2-1/3 Скопје-Карпош. , а ние ќе ви одговориме во согласност Законот за заштита на лични податоци.



©2020 Овој терк може да се користи само од клиенти на Инфиго ИС во согласност со Договор